Ги прашавме испитаниците кој според нив треба да преземе одговорност за примарната грижа за луѓето на кои им е потребна. Речиси половина од испитаниците (49%) сметаат дека тоа треба да биде давател на услуги од општината, а 39% сметаат дека таквата одговорност треба да ја има давател на услуги од државата.

Графикон 33: Кој треба да биде одговорен за примарната грижа на лицата на кои им е потребна грижа?




На прашањето за поопшта поддршка што им е потребна, мнозинството од испитаниците (42%) повторно ја спомснаа потребата од личен асистент. Еден од десет испитаници би сакал да добие поддршка за наоѓање работа и 9% од испитаниците навеле дека би имале корист од тоа да имаат образовен асистент, процент кој е значително поголем (25%) кај семејствата со лица со первазивни нарушувања на когнитивниот развој.

Графикон 34: Каков вид на поддршка ви треба најмногу?




Ако лицето во домаќинството кое се грижи за лицето кое има потреба од грижа е вработено, тој или таа најмногу ќе има корист доколку имаат намалени работни часови, или од помалку работни часови дневно или намален број на работни денови во неделата - ова беше споменато од 35% од испитаниците. 18% од испитаниците би сакале да имаат флексибилно работно време, вклучително и работа од далечина, а 15% би сакале скратена работна недела со надоместување на деновите кога не се на работа со подолго работно време кога одат на работа.

Графикон 35: Што од следново најмногу ќе одговара на лицето кое се грижи за друго лице во однос на работните аранжмани погодни за семејството?



Можностите за добивање услуги за грижа за лица со попреченост од страна на приватна компанија изгледаат многу ограничени за семејствата со оглед на нивната финансиска состојба. Големо мнозинство (81%) изјавија дека купувањето услуги за грижа ќе биде голем товар за семејниот буџет. Релативно поголем процент од испитаниците кои изјавија дека донекаде можат да си дозволат такви услуги за грижа може да се најде кај семејства со лица со сензорни оштетувања и первазивни когнитивни растројства.

Графикон 36: Доколку постои можност да купите такви услуги за грижа од компанија или од приватна компанија, како тие трошоци ќе влијаат на вашиот семеен буџет?



## 1.11 Дискриминација

Пристапот на Обединетите Нации за „никој да не биде изоставен“ не само што подразбира досегнување до најсиромашните од сиромашните, туку исто така се обидува да се бори против дискриминацијата и растечките нееднаквости во и меѓу земјите, како и нивните основни причини. Ова е втемелено во нормативните стандарди на ООН, вклучувајќи ги принципите на еднаквост и недискриминација кои се основни принципи на Повелбата на Обединетите нации, меѓународното право за човекови права и националните правни системи ширум светот.
Околу две третини (63%) од испитаниците се запознаени дека во земјата постои закон кој забранува дискриминација на попреченост, на пример при аплицирање за работа, училиште или пристап до услуги. Гледајќи ги подгрупите, може да се забележи дека испитаниците од домаќинствата со лица со интелектуална попреченост во значително помал процент се запознаени со законот против дискриминација - само 51% од тие испитаници споменаа дека се запознаени со таквиот закон, додека повеќе од една третина (37%) не се запознаени.

Графикон 37: Што мислите, дали постои закон во вашата земја кој забранува дискриминација на попреченост?



Свеста за постоењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е релативно ниска – само 44% од испитаниците знаат дека постои таква Комисија во земјата. Повторно, лицата со интелектуална попреченост (29%) се најмалку запознаени со постоењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Графикон 38: Дали знаете дека постои Комисија за спречување и заштита од дискриминација?




Владата на Северна Македонија од 1994 година ратификуваше неколку договори и конвенции, меѓу кои и Конвенцијата на ООН за правата на детето и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Во 2011 година ја ратификуваше Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и соодветниот Факултативен протокол.
Само половина од испитаниците (50%) се запознаени дека постои Конвенција за правата на лицата со попреченост потпишана од државата.

Графикон 39: Што мислите, дали постои Конвенција за правата на лицата со попреченост?



Уште помал дел (33%) сметаат дека земјата ги почитува правата на лицата со попреченост. Овој процент е значително повисок кај лицата со телесна попреченост (47%) во споредба со лицата со сензорни оштетувања (22%).

Графикон 40: Дали вашата земја ги почитува правата на лицата со попреченост?

Речиси секој трет испитаник (28%) изјави дека лично се чувствува дискриминиран врз основа на нивната состојба или состојбата на член на нивното семејство, процент кој е уште поголем кај лицата со сензорни оштетувања (35%).

Графикон 41: Дали во изминатите 12 месеци вие лично сте се чувствувале дискриминирани врз основа на вашата состојба или состојбата на член на вашето семејство?




Меѓутоа, само еден од десет од испитаниците кои се чувствувале дискриминирани го пријавиле чинот на дискриминација кај властите. Повторно, лицата со сензорни оштетувања се поактивни во пријавувањето чинови на дискриминација кон нив или член на нивното семејство – 23% од овие испитаници пријавиле чин на дискриминација. Од друга страна, ниту едно од лицата со первазивни развојни растројства кои доживеале чин на дискриминација не го пријавиле тоа кај властите.

Графикон 42: Дали сте ја пријавиле дискриминацијата кај властите?




Главната причина за непријавување на чинот на дискриминација е верувањето дека таквото дејство нема да донесе никаков резултат - 46% од оние кои доживеале чин на дискриминација и не го пријавиле, го наведоа тоа како причина за непреземање такво дејство.

Графикон 43: Зошто не го пријавивте чинот на дискриминација?



## 1.12 Управување

Делот за управување главно е оценет преку учество на лицата со попреченост во Општина Битола во одлуки кои влијаат на нивната состојба на локално ниво и во државата.
Секој петти испитаник (18%) изјави дека редовно следи политика, додека повеќето од испитаниците (36%) понекогаш следат политика, односно еднаш или двапати месечно. Еден од четири (24%) испитаници ретко или воопшто не следи политика.

Графикон 44: Дали следите политика...




Еден од секои десет испитаници (11%) изјави дека некои одлуки донесени на централно или локално ниво ги загрозиле нивните лични интереси во текот на 2020 година и само десет проценти од оние кои го изјавија ова, презеле некаква активност за да ги заштитат нивните интереси. Иако базата на испитаници кои презеле некаква активност е релативно мала, значително е поголем процентот на оние кои презеле некаква активност меѓу лицата со телесна попреченост, главно преку пишување писмо или повик до владината или општинската институција. Други форми на дејствување вклучуваат средба со претставникот на владината институција или општински функционер (43%), пишувајќи писмо до медиумите (29%) или потпишување петиција (29%).

Графикон 45: Дали во текот на 2020 година беше донесена одлука на централно или локално ниво што ги загрози вашите лични интереси?




Графикон 46: Дали презедовте некакво дејство за да го заштитите вашиот интерес?



Графикон 47: Каков вид на дејство?



## 1.13 Ранливост на шокови

Овој дел ја проценува ранливоста што ја разгледува појавата на шок предизвикан од природна опасност или вештачки создадена опасност.
Две третини од сите анкетирани испитаници изјавија дека биле погодени од пандемијата на Ковид-19. Понатаму, 37% од испитаниците споменаа дека тие или некој во нивното домаќинство доживеале земјотрес во изминатите 5 години и 19% доживеале тешки временски услови во истиот период. 15% од испитаниците доживеале поплави и 11% доживеале шумски пожар во изминатите 5 години.

Графикон 48: Кој од следните опасни природни феномени сте го доживеале вие или некој во вашето домаќинство во изминатите 5 години?




Стравот од пандемија е сеприсутен бидејќи речиси сите испитаници (95%) се загрижени дека епидемијата ќе влијае на нивните животи. Друга значајна загриженост во однос на природните непогоди е појавата на тешки временски услови - 72% од испитаниците изразиле одредено ниво на загриженост во врска со оваа природна непогода, проследено со земјотрес (71%). Најмалку загриженост има за свлечиштето, за кое 61% од испитаниците споменаа дека не се загрижени дека тоа ќе влијае на местото каде што живеат.

Графикон 49: Колку сте загрижени дека следните природни непогоди ќе влијаат на местото каде што живеете?




Загадувањето на воздухот е главната грижа за испитаниците кога станува збор за вештачките опасности. 96% од испитаниците изразија одреден степен на загриженост во врска со загадувањето на воздухот. Две третини од испитаниците (67%) исто така се загрижени за недостиг на електрична енергија што може да влијае на местото каде што живеат.

Графикон 50: Колку сте загрижени дека следните вештачки опасности ќе влијаат на местото каде што живеете?



### 1.13.1 Ковид-19

Иако во голема мера биле погодени од Ковид-19 и го искусиле тоа во изминатиот период, за мнозинството од испитаниците (67%) работната состојба не се променила поради пандемијата. Меѓутоа, 5% од испитаниците споменаа дека нивниот работен статус не е променет, но можностите за наоѓање работа значително се намалиле, додека 10% претрпеле или скратување на работното време, со губење на работното место или одреден период останале во мирување.

Графикон 51: Дали вашата работна состојба се промени поради пандемијата со КОВИД-19?




Поочигледното влијание од пандемијата со корона вирусот може да се забележи кај месечната заработка на главниот заработувач во домаќинствата. Имено, како што изјавија речиси половина од испитаниците (48%), приходите од главниот заработувач се намалени во споредба со пред избувнувањето на пандемијата. Покрај тоа, огромно мнозинство од испитаниците (90%) изјавија дека немаат никакви заштеди за да ги олеснат нивните проблеми предизвикани од ситуацијата со корона вирусот.

Графикон 53: Дали нето-месечниот приход на главниот(те) заработувач(и) се зголеми значително во споредба со пред кризата? Ве молиме дадете го вашиот одговор во процент од нето платата пред кризата.




Графикон 53: Дали вашето домаќинство има каква било заштеда што може да се искористи за да се олеснат проблемите предизвикани од ситуацијата со корона вирусот?




Понатаму, секој четврти испитаник изјави дека нивното домаќинство морало да се задолжи со цел да управува со својата финансиска состојба создадена од условите поврзани со корона вирусот.

Графикон 54: Дали вашето домаќинство мораше да се задолжи со цел да управува со својата финансиска состојба создадена од условите поврзани со корона вирусот?




**Помош за Ковид**

Само 12% од испитаниците изјавија дека нивното домаќинство или некој од домаќинството добиле надворешна парична помош поврзана со пандемијата со КОВИД-19. Овој процент е значително повисок кај лицата со сензорни оштетувања (22%). Од друга страна, ниту едно од лицата со первазивно развојно растројство добиле надворешна парична помош поврзана со Ковид-19.

Графикон 55: Домаќинства кои добиле надворешна парична помош поврзана со КОВИД-19




Од оние кои добиле надворешна парична помош, 48% изјавија дека добиле помош во изминатите 12 месеци, додека 19% добиле таква помош во изминатите 6 месеци. Речиси сите приматели на помош (93%) изјавија дека добиле помош од владини програми, а само 7% од нив добиле помош од некои други извори.

Графикон 56: Кога добивте помош?




Графикон 57: Од кој извор(и) добивте парична помош?


0
20
40
60
80
100
Total
93
7
Sensory impairment
94
6
Intelectual impairment
88
12
Pervasive impairment
Physical disabillity
100
Governance programs to combat the effects of a pandemic
Other

# Наоди од фокус групи

**Географија**

Во однос на географијата, главните грижи на негувателите на лицата со интелектуална попреченост се поврзани со транспортот. Учесниците изразија дека не можат лесно да патуваат поради ограничените можности за јавен превоз. Поважето од испитаниците споменаа дека организираниот превоз од страна на државата или општината би бил многу корисен за нивните секојдневни рутински дестинации – до училиште, здравствени установи, центри за дневен престој или друштвени настани од страна на невладини организации.

*За лицата со интелектуална попреченост, особено за самохрани родители и оние без работа, треба да се обезбеди организиран транспорт од страна на државата. Тоа ќе им олесни не само на родителите, туку и на самите деца.*
*На пример, постојат активности организирани од Порака, но ние требаме да ги носиме до просториите, а немаме никаква поддршка во однос на транспортот. Би било добро доколку ова е организирано и платено од страна на државата/општината.*

Лицата со интелектуална попреченост имаат потреба од центар за дневен престој, додека семејствата со деца со первазивни нарушувања имаат потреба од социјални услуги, вклучувајќи психолошка поддршка, дефектолози и терапевти за говор (логопеди).
Испитаниците од фокус групите, исто така, споменаа дека во Општина Битола нема инклузивни објекти каде што лицата со попреченост би можеле да вежбаат.

*Тие можат да спортуваат, зошто да не. Но, за жал не се организираат ваквите настани, ниту имаме спортско игралиште приспособено за нив. Спортската активност може да биде од голема корист за нивниот развој, но тука нема такви можности.*

**Социо-економски статус**

Грижата за деца/лица со попреченост е работа со полно време, како што опишаа учесниците. Како последица на тоа, можностите за работни места што генерираат приход се ограничени, бидејќи еден од возрасните во семејството мора да се грижи за детето/лицето, па затоа тој или таа не може да работи друга работа. Учесниците чии двајца родители работат, користат различни стратегии за справување кои обично вклучуваат некој друг член на семејството (баба и дедо, возрасен брат или сестра или друг роднина) кој се грижи за детето/лицето со попреченост додека родителите се на работа.

*Едно ќе кажам за времето. Ако некој не се понуди да ме замени тогаш немам време за себе, бидејќи нон-стоп сум со неа и не работам. Сите обврски за училиште и за носење се оставени на мене. Секако, бабите се тука да помогнат, помага и сопругот кога ќе се врати од работа. Се одмарам само кога мајка ми и свекрвата се тука или кога таа е со нив.*

**Дискриминација**

Учесниците во групата на деца/лица со интелектуална попреченост во поголема мера пријавиле чинови на дискриминација првенствено во образованието, како и во здравството и во заедницата.

*Овие деца се дискриминирани од страна на владата и од луѓето на улица и во продавница, едноставно се дискриминирани. Сите го гледаат моето дете кога ќе влеземе во продавница.*
*Пред почетокот на секоја учебна година одевме кај директорот, му велевме дека соучениците треба да ги информираат сите одделенија дека има такви деца.*
*Во процесот на вработување постои дискриминација на лицата со попреченост бидејќи ги користат овие лица, ќе ги вработат на два-три месеци и ќе ги избркаат од работа и тие повторно ќе ги загубат правата на социјален надоместок и треба да чекаат долго време за да ги добијат повторно.*

Иако неколку учесници во групата на негуватели на деца со первазивни растројства пријавија дискриминација, сепак, мнозинството од овие учесници пријавија дека тие не доживеале дискриминација.

**Здравје**

Здравствените услуги речиси едногласно се сметаа за премногу скапи за да се користат на местото на користење.

*Добиваме околу 5200 денари месечно, немам доволно ни за третманите на посебен воспитувач, терапевт за говор, психолог, плаќаме дополнително, сè останато е на наш трошок. Не плаќаме кога користиме јавни здравствени услуги, но плаќаме за сè останато.*

Повторлив покренат проблем од учесниците е ограниченоста на здравствени услуги достапни во градот, што доведува до потреба да се патува во Скопје, што резултира со поголеми трошоци.

*Во зависност од потребата, понекогаш одам тука, понекогаш во Скопје, но најчесто прво се консултирам со мојот матичен лекар.*
*Има некои прегледи поврзани со неговата специфична состојба и не можеме да ги направиме овде во Битола, мораме да одиме во Скопје, многу е тешко да се закаже термин за консултација.*

Некои учесници во групата на лица со интелектуална попреченост го споменаа и проблемот со стоматолошки услуги, бидејќи на оваа група им е потребна посебна стоматолошка грижа и честопати не може да се добие во Битола, па мораат да одат во Скопје.

*Честопати страдаат од забоболки, но тука во Битола немаме стоматолошка клиника за лица со попреченост, треба да ги носиме во Скопје за поголеми интервенции. На пример, ако има потреба од вадење заб, стоматолозите овде едноставно се плашат бидејќи имаат попреченост, па мораме да одиме во Скопје.*

Нутриционистичките потреби на децата со попреченост бараат исхрана базирана на овошје и зеленчук и додатоци во исхраната, што исто така наметнува финансиски товар на семејниот буџет.

*Сите суплементи ги купувам од странство, од Германија и Шведска и многу се скапи. Само што купив сируп кој чини 15 евра и ќе трае помалку од еден месец.*
*Одредени лекови земаме на рецепт и не ги плаќаме, но дополнително има и витамини, капки за очи, итн. кои ги плаќаме по редовна цена.*

Постојат и неколку негативни искуства во здравствените установи и од здравствениот персонал кај учесниците со попреченост. Меѓутоа, претежно лицата со попреченост изразија позитивни ставови за здравствениот персонал откако пристигнале во здравствените установи.

**Образование**

Како што информираат негувателите, три од децата со первазивни растројства се запишани во обични училишта и имаат или ќе имаат специјалист за образование, а две од нив се запишани во специјализирано училиште.
Испитаниците кои имаат специјалист за образование се многу задоволни од нивната работа, иако споменаа дека специјалистот за образование треба да биде ангажиран повеќе од 4 часа дневно.

*Со нашето дете се сретнавме со асистентот и добро им почна. Меѓутоа, работата на асистентот е само 4 часа, па што да правиме кога се потребни 6 или 7 часа. А асистентот е платен само за 4 часа.*

Генерално, учесниците се задоволни од училиштата, а особено од персоналот (наставници, психолози, логопеди, итн.), но испитаниците чии деца одат во специјализираното училиште се согласија дека училиштето не е приспособено за нивните деца.

*Прво, специјализираното училиште за деца со посебни потреби за кое зборуваме е на горниот кат, тие треба да одат горе.*
*Треба да се качите горе со децата, бидејќи се на горниот кат, а на тие деца им треба и превоз за да се вклопат во општествениот живот.*
*Од нас зависи да ги однесеме на 3-от кат, да ги земеме, да ги однесеме.*

**Потреби**

Интелектуална попреченост
Центар за дневен престој

*Најважно е да има дневни центри со полно работно време каде што повеќе луѓе ќе можат да се грижат за нив. За тоа, луѓето прво мора да бидат подготвени, професионални за да можат да работат со овие луѓе и да знаат што им е потребно на децата со цел да можат*

*да им помогнат. Да има психолози кои можат да им помогнат и на децата и на родителите.*

Агенција за вработување – можности за континуирано образование и преткваликификација.

*Тоа може да се направи за лицата со посебни потреби преку Агенцијата за вработување, бидејќи организира обуки.*

Первазивни растројства

Децата со первазивни растројства имаат поголема потреба од услуги за реинтеграција и ресоцијализација, т.е. места каде овие деца можат да одат за воннаставни активности.

*Наместо лична помош, јас треба да можам да ја оставам кога не е на училиште и кога не е на третмани, како на пример во игротека како центар за дневен престој за да можам да завршам некои обврски за себе или дома.*

# Резиме на наодите

**Географија**

Врз основа на локацијата на нивните домаќинства, 90% од анкетираните лица со попреченост живеат во урбана средина, додека само 10% живеат во рурална средина. Има значително поголем процент на лица со первазивно развојно растројство и интелектуална попреченост кои живеат во рурални средини. Во однос на начините за превоз, повеќето од лицата со попреченост користат автомобил за да стигнат до одредени места/институции, додека јавниот превоз се користи поретко.

**Социо-економски статус**

Повеќето од домаќинствата се класифицирани како домови со прифатлив стандард, додека има значителен процент на домаќинства во сиромашна состојба, т.е. домови со покрив што протекува или се премногу темни. Ова е особено точно за домаќинствата во кои живеат лица со интелектуална попреченост. Една третина од домаќинствата се материјално необезбедени, а секое петто домаќинство е тешко материјално необезбедено.

Проценетиот вкупен приход на домаќинството е речиси 25.000 МКД, а просечниот приход по член покажува дека колку е поголема големината на домаќинството, толку е помала достапноста на приход по член на домаќинството. Особено, критичниот приход по член е кај домаќинствата кои имаат над 5 членови.

Стапката на вработеност на сите работоспособни домаќинства е 35%, додека секој трет работоспособен член во домаќинството е невработен.

**Потреби на лицата со попреченост**

Две третини од семејствата не користат никакви социјални услуги, додека една третина ги користат социјалните услуги редовно или повремено. Најкористени социјални услуги се советодавните услуги и услугите за стручна помош и поддршка. Најпотребните социјални услуги се домашните услуги – услуги за лична помош и советодавни услуги и услугите за стручна помош и поддршка. Лицата со интелектуална попреченост (и возрасни и деца) имаат потреба од повеќе советодавни услуги – додека на лицата со первазивно развојно растројство им е потребна поголема стручна помош и услуги за поддршка и услуги за реинтеграција и ресоцијализација. На лицата со телесна попреченост повеќе им се потребни домашни услуги (грижа за стари лица и лична помош) и услуги за дневен престој.

Пристапот до услуги е многу ограничен за оваа ранлива група, бидејќи мнозинството од испитаниците изјавија дека здравствените и социјалните услуги или не се доволно достапни, или се, но во недоволна мера.

Грижата за лицето со попреченост обично ја обезбедува нивниот родител – мајка или татко, или пак од нивниот брачен другар и син или ќерка.

Грижата за лицето со попреченост е обврска која одзема многу време, бидејќи лицата кои даваат поддршка немаат време во текот на денот да вршат работни активности кои би ги

зголемиле приходите во семејството. Ова е особено случај во домаќинствата со лица со интелектуална попреченост – и деца и возрасни.
Повеќето од испитаниците веруваат дека грижата за лице со попреченост треба да биде обезбедена од страна на општински давател на услуги и треба да биде субвенционирана бидејќи можноста за добивање услуги за лица со попреченост од приватна компанија се смета за голем товар за семејниот буџет.

**Дискриминација**
Околу две третини (63%) од испитаниците се запознаени дека во земјата постои закон кој забранува дискриминација на попреченост, на пример при аплицирање за работа, училиште или пристап до услуги.
Свеста за постоењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е релативно ниска – само 44% од испитаниците се запознаени со Комисијата. Кога станува збор за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, само половина од испитаниците (50%) се запознаени дека постои Конвенција за правата на лицата со попреченост потпишана од државата.
Само една третина (33%) од испитаниците веруваат дека земја ги почитува правата на лицата со попреченост. Слично на тоа, секој трет испитаник (28%) изјави дека лично се чувствува дискриминиран врз основа на нивната состојба или состојбата на член на нивното семејство. Има многу низок процент на пријавување дискриминација, на пример, само еден од десет од испитаниците кои се чувствувале дискриминирани го пријавиле чинот на дискриминација кај властите. Резултатите покажуваат дека главната причина за непријавување на чинот на дискриминација е верувањето дека таквото дејство нема да донесе никаков резултат - 46% од оние кои доживеале чин на дискриминација и не го пријавиле, го наведоа тоа како причина за непреземање такво дејство.

**Управување**
Една четвртина од испитаниците (24%) изјавија дека ретко или воопшто не следат политика. Од друга страна, секој петти испитаник (18%) изјави дека редовно следи политика. Една третина од испитаниците (36%) изјавија дека понекогаш следат политика т.е. еднаш или двапати месечно.
Во однос на личното значење, еден од секои десет испитаници (11%) изјави дека некои одлуки донесени на централно или локално ниво ги загрозиле нивните лични интереси во текот на 2020 година. Само десет проценти од оние кои го изјавија ова, презеле некаква активност за да ги заштитат нивните интереси. Главните форми на дејствување биле пишување писмо или повик до владина или општинска институција. Други форми на дејствување вклучуваат средба со претставникот на владината институција или општински функционер (43%), пишувајќи писмо до медиумите (29%) или потпишување петиција (29%).

**Ранливост на шокови**
Две третини од сите анкетирани испитаници изјавија дека биле погодени од пандемијата на Ковид-19. Понатаму, 37% од испитаниците спомена дека тие или некој во нивното домаќинство доживеале земјотрес во изминатите 5 години и 19% доживеале тешки временски услови во истиот период. 15% од испитаниците доживеале поплави, а 11% доживеале шумски пожар во изминатите 5 години.
Мнозинството од испитаниците (95%) се загрижени дека епидемијата ќе влијае на нивните животи кога станува збор за природни непогоди. Друга значајна загриженост во однос на

природните непогоди е појавата на тешки временски услови - 72% од испитаниците изразиле одредено ниво на загриженост во врска со оваа природна непогода, проследено со земјотрес (71%). Најмалку загриженост има за свлечиштето, за кое 61% од испитаниците споменаа дека не се загрижени дека тоа ќе влијае на местото каде што живеат.
Кога станува збор за вештачките опасности, големо мнозинство од испитаниците (96%) изразиле одреден степен на загриженост во врска со загадувањето на воздухот. Исто така, значителен процент од испитаниците (67%) се загрижени за недостиг на електрична енергија што може да влијае на местото каде што живеат.

**КОВИД-19**
За две третини од испитаниците (67%) работната состојба не се променила поради пандемијата. Од друга страна, има 5% од испитаниците кои изјавија дека нивниот работен статус не се променил, но можностите за наоѓање работа значително се намалиле. Меѓутоа, има 10% од испитаниците кои претрпеле намалување на работното време, губење на работата или одреден период останале во мирување.
Речиси половина од испитаниците кои се главниот заработувач во домаќинството (49%) изјавија дека нивниот приход се намалил во однос на пред избувнувањето на пандемијата. Покрај тоа, огромно мнозинство од испитаниците (90%) изјавија дека немаат никакви заштеди за да ги олеснат нивните проблеми предизвикани од ситуацијата со корона вирусот. Вреди да се спомене дека една четвртина од испитаниците (25%) изјави дека нивното домаќинство морало да се задолжи со цел да управува со својата финансиска состојба создадена од условите поврзани со корона вирусот.
Само 12% од испитаниците изјавија дека нивното домаќинство или некој од домаќинството добил надворешна парична помош поврзана со пандемијата со КОВИД-19. Речиси половина (48%) од нив добиле надворешна парична помош во изминатите 12 месеци. Една петтина (19%) од испитаниците ја добиле во изминатите 6 месеци. Мнозинството на помошта (93%) била доделена преку владини програми, додека само 7% од испитаниците добиле помош од некои други извори.

# Пет фактори на LNOB

Во овој дел ќе ги резимираме наодите преку објективот на пет фактори на LNOB со цел да се утврди кој е најмногу изоставен меѓу лицата со попреченост во Битола.

Испитувајќи ги резултатите преку пет фактори кои ги сочинуваат централните движечки сили зад процесите на исклучување, може да се заклучи дека во однос на географија, најзагрозени лица се лицата со интелектуална попреченост и первазивен когнитивен развој бидејќи поголем процент од овие лица живеат во рурална средина, што би можело да претстави неповолност во однос на мобилноста и пристапот до социјални услуги, кои обично се во урбана средина.

Во однос на социо-економскиот статус, лицата со интелектуална попреченост се најзагрозената група бидејќи има најголем процент на лица од оваа група кои живеат во куќа со лоши услови и највисок процент кој страда од материјална необезбеденост во нивното домаќинство и најнизок приход во домаќинството.

Во однос на дискриминација, лицата со сензорни оштетувања се оние кои се најмногу изоставени, бидејќи има најголем дел на овие лица кои се чувствувале дискриминирани и најголем процент од нив пријавиле чин на дискриминација. Во исто време, најголемиот процент на лица кои мислат дека земјата не ги почитува правата на лицата со попреченост може да се најде во оваа подгрупа.

Во однос на управување, постои највисок процент на лица со интелектуална попреченост и телесна попреченост кои биле засегнати од одлуки донесени на централно и/или локално ниво. Меѓутоа, лицата со телесна попреченост во поголем процент го кренале својот глас за да ги одбранат своите права, додека ниту еден од лицата со интелектуална попреченост кои биле засегнати од ваквата одлука не направиле ништо.

Во однос на ранливост на шок фактор, има најмал процент на лица со интелектуална попреченост кои не доживеале ниту еден од опасните природни феномени, т.е. оваа група во поголема мера доживеала дел од опасните природни феномени во изминатите 5 години во споредба со другите подгрупи.

Лицата со интелектуална попреченост се со поголема веројатност да бидат најмногу изоставени и се наоѓаат најблиску до центарот на петте фактори на ризик бидејќи тие во поголема мера страдаат од форми на лишеност, неповолност и дискриминација во повеќе области.


Социо-економски статус
- интелектулна попреченост
Географија
- интелектуална попреченост
- первазивно нарушување
Лица со интелектуална попреченост
Дискриминација
- сензорна попреченост
Ранливост на шокови
- интелектуална попречеост
Владеење
- интелектуална попреченост
- физичка попреченост

# Препораки

Препораки поврзани со географијата:

1. Организиран јавен превоз кој ќе ги служи лицата со попреченост (организирање превоз до училишта, центри за дневен престој, активности за социјални настани). Ова е веќе дел од програмата за социјална заштита за 2021 година (план за социјална заштита за 2021 година – 4.3). Општината преку набавка на 4 возила ќе обезбеди адаптиран превоз на лица со потешка инвалидност
2. Подобрување на пристапноста за лицата со попреченост за да се зголеми нивната мобилност и можности со олеснување на пристапот до јавен превоз (не само посетителите на центрите за дневен престој и училиштата) (план за социјална заштита за 2021 година - 4.4).
3. Развој на инклузивни објекти за рекреација (вклучувајќи детско игралиште, спортско игралиште, итн.) – (план за социјална заштита за 2021 година – 3.5).
4. Пристапност – паркинг места во близина на влезови, подови и ходници без опрема и други пречки, пристап до катови овозможени за користење од страна на лица со попреченост (лифт, рампи за инвалидска количка, итн.)

Препораки за намалување на дискриминацијата:

5. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси. Ставовите и знаењата на луѓето кои работат во образованието, здравството, социјалната заштита, трудот се особено важни за обезбедување на недискриминација и учество. Капацитетот на човечките ресурси може да се подобри преку ефективно образование, обука и вработување. Обучување на персоналот во јавната служба да користи знаковен јазик или да има пристап до некој кој знае да користи знаковен јазик.
6. Развој на систем на подобрена социјална вклученост и интеграција уште од рана возраст во заедницата (спортски, културни и други теренски настани во заедницата за деца и возрасни со попреченост).
7. Зголемување на јавната свест и разбирање на попреченоста. Взаемното почитување и разбирање придонесуваат за инклузивно општество. Затоа, од

витално значење е да се подобри јавното разбирање на попреченоста, да се соочиме со негативните перцепции и правично да се претстави попреченоста. На пример, образовните власти треба да се погрижат училиштата да бидат инклузивни и да имаат етос на вреднување на различноста. Работодавачите треба да се охрабрат да ги прифатат своите одговорности кон персоналот со попреченост.

Препораки поврзани со управувањето

8. Лицата со попреченост треба да бидат консултирани и активно вклучени во формулирањето и спроведувањето на политики, закони и услуги. Иако се засегнати од одлуките донесени на централно или локално ниво, лицата со попреченост ретко реагираат на таквите одлуки. Лицата со попреченост имаат уникатни сознанија за нивната попреченост и нивната ситуација и треба да бидат вклучени во одлуките што влијаат на нивните животи. На индивидуално ниво, лицата со попреченост имаат право да имаат контрола врз своите животи и затоа треба да бидат консултирани за прашањата што директно ги засегаат – без разлика дали станува збор за здравјето, образованието или животот во заедницата.

Препораки во врска со социо-економски статус

9. Честопати лицата со попреченост и нивните семејства имаат прекумерни трошоци кои ги плаќаат од свој џеб. За да се подобри достапноста на стоките и услугите за лицата со попреченост и да се надоместат дополнителните трошоци поврзани со попреченоста, особено за сиромашните и ранливите лица со попреченост, треба да се земе предвид проширување на покриеноста со здравствено и социјално осигурување (на пример, покривање на потребите за исхрана во однос на додатоци во исхраната и други непрепишани лекови), осигурувајќи дека лицата со попреченост имаат еднаков пристап до јавните социјални услуги, дека сиромашните и ранливите лица со попреченост имаат корист од програмите за заштитна мрежа насочени кон сиромаштијата и воведување намалени цени за транспорт или бесплатен јавен превоз.
10. Постојните јавни услуги за лица со попреченост честопати се несоодветно финансирани, што влијае на достапноста и квалитетот на таквите услуги. Потребно е соодветно и одржливо финансирање на јавно обезбедените услуги за да се осигура дека тие ќе ги опфатат сите целни корисници и дека се обезбедени високо квалитетни услуги. Склучување договори за обезбедување услуги, поттикнување на јавно-приватно партнерство, особено со невладини организации.
11. Инвестирање во конкретни програми и услуги за лица со попреченост. На лицата со попреченост им е потребен пристап до конкретни мерки, како што се рехабилитација, услуги за поддршка и обука. Опсег на добро регулирани услуги за помош и поддршка во задницата може да ги задоволи потребите за грижа, овозможувајќи им на лицата да живеат самостојно и да учествуваат во економскиот, социјалниот и културниот живот на нивните заедници. Различни подгрупи на лица со попреченост имаат различни потреби:
    - За лицата со первазивни растројства во поголема мера има потреба од стручна помош и услуги за поддршка (т.е. образовен асистент) и услуги за реинтеграција и ресоцијализација.

Второспоменатите услуги обично ги обезбедуваат невладини организации и треба да бидат поддржани од јавно-приватно партнерство.

- За лицата со интелектуална попреченост, советодавните услуги и домашните услуги се попотребни отколку за другите подгрупи.
- Лицата со телесна попреченост во поголема мера имаат потреба од домашни услуги/лична помош и услуги во заедницата/услуги за дневен престој.

12. Лицата со попреченост имаат ограничен пристап до сите нивоа на образование и стручна обука. Обезбедување на можности за учениците со попреченост да учат заедно со нивните врсници без попреченост во општообразовните одделенија.
13. Обезбедување на обука и активности за интеграција на лицата со попреченост според нивната функционалност на пазарот на трудот за подобрување на нивниот социо-економски статус и благосостојба. Вклучување на негувателите на деца и лица со попреченост во неформална обука за да се обезбедат начини за нивно вработување, вклучително и стручна рехабилитација и преткvалификација што може да овозможи поголеми можности на пазарот на трудот.

Препораки за намалување на ранливост на шокови

14. КОВИД-19 несразмерно влијаеше на лицата со попреченост. Потребна е поддршка и поголема посветеност за да им се обезбеди пристап до основните услуги, вклучително и здравствена и социјална заштита и медицински установи во текот на кризата. Обезбедување надворешна финансиска поддршка за да се олесни влијанието на Ковид-19 врз социо-економскиот статус на лицата со попреченост.

Табелата подолу ги прикажува идентификуваните проблеми и нивната поврзаност со соодветната Цел за одржлив развој. Исто така, вклучува приоритети кои се резултати од процесот на социјално мапирање, кои според нивниот ефект се усогласени со конкретниот показател за ЦОР.

| **Идентификација на проблем** | **ЦОР[2]** | **Високо влијание** | **Средно влијание** | **Ниско влијание** | **Клучни институции** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ЦОР 1. Да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде** (1.3 Спроведување на национално соодветни системи и мерки за социјална заштита за сите, вклучително и долните прагови и до 2030 година да се постигне значителна покриеност на сиромашните и ранливите лица) | 1.3.1 Дел од население опфатено со долни прагови/системи за социјална заштита, по пол, со одделување на децата, невработени лица, постари лица, лица со попреченост, бремени жени, новороденчиња, жртви на повреди на работно место и сиромашните и ранливите лица | | | |
| | | | Субвенционирање на јавен превоз за | | |

[2] *Овде ве молиме наведете кој ЦОР е приоритет. Вклучете 3 до 5 прирритетни ЦОР кои укажуваат на соодветни области на политики каде се дадени препораките, како и според* LNOB *групата*.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лица со попреченост | | |
| Поради Ковид-19 центарот за дневен престој не е функционален | | | Повторно отворање на центарот за дневен престој за лица со попреченост | | Општина Битола<br>Центар за социјална работа<br>МТСП |
| Има ограничени опции за деца/лица со попреченост за рекреативни активности | | | Развој на инклузивни рекреативни установи | | Општина Битола<br>Донатори |
| Ограничена достапност на услугите за социјална поддршка | | Инвестирање во конкретни програми и услуги за лица со попреченост | | | Општина Битола<br>Јавно-приватно партнерство со НВО |
